SYMPOSION

# ПОКАНА

## „ПРЕДИЗВИЦИ ВО ПРИМЕНАТА НА ПОСТОЈНИТЕ ПРОПИСИ ЗА АДМИНИСТРАЦИЈА – ВО ОЧЕКУВАЊЕ НА НОВИ ЗАКОНСКИ РЕШЕНИЈА“

**» ТРИДНЕВНА РАБОТИЛНИЦА СО ПРАКТИЧЕН И ИНТЕРАКТИВЕН КАРАКТЕР «**

**(16–19 мај во Будимпешта, Унгарија)**

### Во фокус на тридневната работилница

Примената на Законот за вработените во јавен сектор и Законот за административни службеници резултираше со поинаков и различен пристап кон управувањето со човечките ресурси во јавниот сектор, усогласен со добрите практики и начела за јавна администрација. Решенијата за различните аспекти на управувањето на човечките ресурси (креирањето на описите на работните места, вработувањето, унапредувањето, стручното усовршување и управувањето со учинокот) се темелат врз компетенции. Ова во значителна мерка ги разликува од правилата уредени со општото работно законодавство, што е применливо и во приватниот сектор.

Во практичната примена на погоре наведените закони, се појавија бројни предизвици, различни толкувања и дилеми, па оттука веќе подолг период се работи на верзии на нови законски текстови, со кои меѓу другото се предлагаат ќе се унапреди постапката за вработување, ќе се доуреди мобилноста, а ќе се поедностават постапките за утврдување на дисциплинска одговорност и мерење на учинокот на вработените.

Целта на оваа работилница е подетално запознавање и дискусија за специфични прашања, уредени со Законот за вработените во јавниот сектор, Законот за административни службеници, Законот за работните односи, и Општиот колективен договор за јавниот сектор и Гранскиот Колективен договор за органи на државната управа, стручните служби на Владата на Република Северна Македонија, судовите, јавните обвинителства, казнено-поправните и воспитно-поправните установи, државното правобранителство, општините, Градот Скопје и општините на градот Скопје, агенциите, фондовите и другите органи основани од Собранието на Република Северна Македонија.

Ќе се осврнеме на најчестите прашања кои се појавуваат кај вработените во областа на управување со човечки ресурси, при примена на законите во секојдневното работење, како што се: изработка на функционална анализа, планирање на вработувањата во јавниот сектор, вработување, унапредување и мобилност во јавниот сектор, видовите вработувања (на неопределено и определено време и со полно и неполно работно време) и други прашања кои се од интерес на учесниците.

Едновремено, имајќи ги предвид и честите измени и новини во работното законодавство, на оваа работилница ќе одговориме и на прашањата што се однесуваат на правата и обврските на вработените во јавниот сектор регулирани со Законот за работните односи, како и со колективните договори, како што се:

раскинување на договорот за работа; отсуствата од работа поради болест или други причини; мирувањето на работниот однос и сл.

Додадена вредност на оваа работилницата ќе биде интерактивната комуникација на учесниците со предавачот, меѓусебната размена на искуства, мислења и ставови, како и овозможениот простор за давање препораки и придонес во подобрување на законодавната рамка во областа на управување со човечки ресурси во јавниот сектор.

Работилницата ќе се реализира според подолу приложената агенда во периодот **од 16 до 19 мај** 2023 година, во **Будимпешта**, Унгарија.

## Заинтересирани учесници

Земајќи ги превид темите опфатени со подолу изложената агенда, работилницата е наменета и особено полезна за вработените во јавниот сектор, за административните службеници, одговорните лица, лицата на раководни позиции, невработените лица со интерес за предметната област, адвокатите кои се занимаваат со заштита на правата што произлегуваат од работните односи на вработените во јавниот сектор и на административните службеници, како и за други заинтересирани лица.

## Како да се пријавите за учество на работилницата?

Со оглед на ограниченоста на капацитетите и важноста на навременото оформување група, Симпозион ќе им даде предност на првопријавените учесници. За учесниците пријавени **до 7 април**, предвиден е **попуст од 5%** на **аранжманот и котизацијата за учество.**

Котизацијата за работилницата изнесува 8.500,00 денари. За пријавите испратени **до 7 април**, цената за котизација **со попуст** изнесува **8.075,00 денари**.

Котизацијата вклучува**:** полно учество во работните сесии на тридневната работилница, користење на конференциска сала, кафе-паузи, сертификат за учество, работен материјал од работилницата, како и непосредна комуникација со предавачите за надминување на Вашите прашања и дилеми.

Повеќе информации за **предавачот**, кој ќе ги води и менторира едукативните блокови, како и детално разработената **програма на патувањето**, која ги опфаќа сите аспекти на аранжманот и местата на посета во унгарската престолнина, ќе бидат доставени до заинтересираните учесници кои ќе испратат барање на нашата официјална електронска адресата info@simpozion.mk или на нашиот контакт број: **078 271 576.**

Заради квалитетот на работилницата, бројот на учесници е ограничен. Пријавувањето за учество на работилницата е отворено најдоцна **до 5 мај** со пополнување и испраќање на **пријавниот лист** на следната електронска адреса: info@simpozion.mk

За сите дополнителни прашања и потребни информации во врска со работилницата, слободно контактирајте нè на тел. **078 271 576** или на официјалната имејл адреса.

SYMPOSION

**Информации за уплата на котизација за работилницата**:

Примач: СИМПОЗИОН ДООЕЛ – Скопје
Адреса: ул. Франклин Рузвелт бр.54/16, Скопје
Сметка бр. 210071635330103
НЛБ Тутунска Банка АД – Скопје
ЕДБ: МК4080016561868
Контакт тел. бр.: 078 271 576

**Информации за уплата на аранжманот**:

Примач: ТА ТРАВЕЛ ТУДЕЈ – Скопје
Адреса: ул. Народен фронт бр.19а (ТЦ Б.Хилс), Скопје
Сметка бр. 210071635330297
НЛБ Тутунска Банка АД – Скопје
ЕДБ: МК4080016561868
Контакт тел. бр.: 076 30 62 62

SYMPOSION

# АГЕНДА

**Прв ден**
***Вторник, 16 мај***

**17.00–18.30 Функционална анализа во институциите од јавниот сектор**

- Цели на функционалната анализа
- Функциите како основа на анализа
- Спроведување на функционалната анализа
- Наоди и препораки
- Извештај и план за подобрување

**Втор ден**
***Среда, 17 мај***

**09.30–11.00 Вработување, Унапредување и видови вработувања**

- Објавување на оглас (јавен и интерен)
- Постапка за селкција на кандидати
- Одлука за избор
- Решение за вработување и за унапредување
- На определено и неопределено време
- Со полно и неполно работно време

**11.00–11.30 Кафе пауза**

**11.30–13.00 Мобилност**

- Распоредување во иста институција
- Преземање од една во друга институција
- Упатување на работа во друга институција
- Задолжение за вршење други работи

**Трет ден**
***Четврток, 18 мај***

**09.30–11.00 Примена на општото работно законодавство на вработените во јавниот сектор**

- Прашања што не се уредени во Законот за вработени во јавен сектор, за кои се применуваат Законот за работни односи и колективните договори:
- Склучување и раскинување на договорот за работа (со и без отказен рок)
- Платено и неплатено отсуство
- Боледување
- Мирување на права од работен однос
- Одмор

Друштво за едукација, консалтинг
и други интелектуални услуги
СИМПОЗИОН ДООЕЛ – Скопје
ул. Франклин Рузвелт 54/1-16
**e-mail:** info@simpozion.mk
**тел.:** 078 271 576
www.simpozion.mk